## Упатство со совети за жени кои земаат Езинеле

### Совети за жени кои земаат Езинеле

**1. Езинеле треба да се користи само во итни случаи**

Итната контрацепција со левоноргестрел најдобро функционира кога ќе ја земете што е можно побрзо по незаштитен секс. Ефективноста му е 84% во рок од 72 часа по сексуалниот однос без заштита. Езинеле не делува како редовните методи на контрацепција и не секогаш ќе ја запре бременоста.

**2. Тајмингот на земање на таблетата е многу важен**

Во секое пакување Езинеле има по една таблета. Таа треба да се земе што е можно побрзо по незаштитен секс.

**3. Можни несакани дејства на Езинеле**

По земањето на Езинеле, може да се чувствувате лошо, да имате чувствителни гради, главоболки, болки во стомакот, дијареја, да чувствувате вртоглавица или умор. Овие симптоми треба да поминат за неколку дена. Ако сте загрижени за начинот на кој се чувствувате, разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт.

По земањето на Езинеле може да Ви биде навистина лошо (да повраќате). Треба да побарате совет од Вашиот фармацевт или лекар, особено ако сте биле болни, бидејќи таблетата можеби не делувала соодветно.

Доколку Ви се слоши (повраќање) во рок од три часа по земањето на таблетата, треба да земете друга таблета. Треба веднаш да го контактирате Вашиот лекар или фармацевт, за да добиете уште една таблета.

**4. Користење на контрацепција по земањето Езинеле**

Езинеле нема да ве заштува од бременост до крајот на менструалниот циклус.

Откако ќе земете Езинеле, ако сакате да имате секс, а не користите пилули за контрацепција, треба да употребите кондом или дијафрагма плус спермицид до следниот менструален период. Ова е затоа што Езинеле нема да делува ако имате повторно незаштитен секс, пред следниот менструален период.

Ако веќе користите редовен метод на контрацепција, како што се апчиња за контрацепција, може да продолжите да ги земате во редовно време.

Овој лек нема да ве заштити од сексуално преносливи болести, само кондомите можат да го сторат тоа. Побарајте совет од Вашиот лекар или фармацевт ако сте загрижени за ова.

После земањето на Езинеле, разговарајте со Вашиот лекар за долгорочните методи на контрацепција, кои се поефикасни во спречувањето на несакана бременост.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

## 5. Можни промени во следниот менструален циклус

По земањето на Езинеле, повеќето жени ќе имаат нормален менструален циклус во очекуваното време, но некои може да имаат менстрален циклус неколку дена порано или подоцна од нормалното. Ако вашиот следен менструален циклус е различен од нормалниот или доцни повеќе од 5 дена, обратете се кај Вашиот лекар што е можно поскоро. Капки крв или крварење може да се појават пред следната менструација по земањето на Езинеле.

## 6. Колку често можам да земам Езинеле?

Треба да користите Езинеле само во итни случаи, а не како редовен метод на контрацепција. Ако Езинеле се користи повеќе од еднаш во менструалниот циклус, многу е веројатно да го наруши вашиот менструален циклус (период).

Езинеле не функционира како и редовните методи на контрацепција. Вашиот лекар може да Ви објасни за долгорочни методи на контрацепција кои се поефикасни во спречувањето на бременоста.

## 7. Како да знам дали Езинеле делувал?

Ако не сте бремени, треба да ја имате следната менструација како и обично, иако може да биде малку порано или малку подоцна. Ако циклусот доцни повеќе од 5 дена или крварњето е невообичаено благо или невообичаено обилно, контактирајте го Вашиот лекар што е можно поскоро.

Езинеле не треба да се користи како замена на редовната, долготрајната контрацепција. Побарајте совет за контрацепција од Вашиот матичен лекар, гинеколог или во советувалиштето за семејно планирање. Секогаш читајте ги информациите во Упатството за пациентот. Овој лек содржи левоноргестрел. Не е 100% ефикасен.

SHKUP СКОПЈЕ